РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-4265/8
04-07-2022 20 год.-vitin
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за производство, инженеринг, трговија и услуги СИМТ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 03-118/1
04.07.2022 год.
Скопје

# ДОГОВОР

## за услуги за одржување на апликативен софтвер за посвојување

### ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за труд и социјална политика**, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер **Јованка Тренчевска**, во понатамошниот текст: Нарачувач, и
2. **ДПИТУ СИМТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје**, ЕМБС 4873882 , со седиште на бул Партизански одреди бр.149, мезанин 2 (порта влае) Скопје, претставуван од управителот Деница Велјановска (во понатамошен текст Носител на набавката).

### ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како постапка од мала вредност за услуги во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки , Законот за облигациони односи и други важечки прописи) кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор .

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-4265/1 од 01.06.2022 година , одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-4265/7 од 16.06.2022 година , како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите , барањата и напомените предвидени во тендерската документација .

Предмет на овој договор е **за услуги за одржување на апликативен софтвер за посвојување за потребите на Министерство за труд и социјална политика** .

### ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

### ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната вредност на овој договор изнесува **250.000,00** денари без пресметан данок на додадена вредност.

Вкупната цена на набавка со пресметан данок на додадена вредност изнесува **295.000,00** денари.

| Ред.бр. | Опис на услуги | Единечна мерка | Кол. | **Единечна цена без ддв по работен час** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **одржување** на апликативен софтвер за посвојување | Работен час | 1 | 5.200,00 |
| ДДВ 18 % | | | | 936,00 |
| Вкупно со ДДВ 18% | | | | 6.136,00 |

Носителот на набавката е должен да постапува согласно барањето доставено од одговорното лице за реализација на договорот кај договорниот орган.Начинот на извршување на услугата е со доставување на работен налог кој треба да биде одобрен и потпишан од страна на овластено лице за реализација на договорот кај Договорен орган и овластено лице кај носителот на набавката кој ја извршува услугата. Работниот налог треба да ги содржи работните часови кои се потрошени за извршување на услугата и опис на услугата.

Работниот налог е задолжителен прилог на фактурата за плаќање.

## НАЧИН И УСЛОВИ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Носителот на набавката е должен да го извршува договорот ,сукцесивно по барање на одговорно лице за реализација на овој предмет на јавна набавка кај Договорниот орган.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот е со важност од 1 ( една ) година , сметано од моментот на потпишување на двете договорни страни .

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 6**

Начин на плаќање е во рок од 60 дена од денот по приемот на фактурата со прилог писмена нарачка за извршена услуга – предмет на договорот во Архивата на Министерството за труд и социјална политика.

**Член 7**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- опис на извршена услуга
- пресметка по потрошени часови за извршување на услугата и вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ (ако има);
- валута на плаќање
- Работен налог за извршување на услугата

Некомплетно доставена ф-ра од страна на носителот на набавката, договорниот орган ќе ја врати писмено во кое ќе биде образложена причината за враќањето и рокот во кој носителот на набавката е должен да ги исправи недостатоците или грешките. Доколку носителот на набавката не достави ф-ра согласно насоките и не ги исправи недостатоците или грешките, рокот за плаќање ќе започне да тече од денот на постапувањето по укажувањето и приемот во архивата на изготвена ф-ра согласно овој член од договорот.

## ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Навременото и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува *5%* од вкупната вредност на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 9**

Набавка за одржување на апликативен софтвер за посвојување, ја базира на фактот дека е потребна расположивост на апликацијата, со потреба од голема доверливост на процесите и податоците.

**<u>Опис на платформата на која е имплементиран апликативниот софтвер</u>**

- Спецификации на Базата на податоци на апликацијата за посвојување:
  - Базата на податоци е изработена во Microsoft SQL Server 2016 како релациона база доведена во трета нормална форма
- Системски софтвер
  - Microsoft Windows Server 2016

**Член 10**

Носителот на набавката е должен квалитетно и професионално да го одржува софтверот за посвојување .

Одржувањето подразбира:

Одржување на Апликацијата за посвојување, базата на податоци на Апликацијата и системскиот софтвер.

Економскиот оператор треба да го реализира одржувањето на Апликацијата на начин кој гарантира целосно оперативна состојба на апликацијата.

Апликацијата е изработена на .Net платформа со користење на .net framework 4. Апликацијата е web ориентирано решение со трослојна архитектура. Ваквото решение овозможува дополнителна флексибилност и скалабилност на серверска страна и целосна независност од оперативен систем и интернет прелистувач на клиентска страна.

Поддршката се реализира на лице место (on-site поддршка) и далечински (remote поддршка)

Поддршката треба да се реализира на два начина:

- превентивното одржување (без доставено барање на Носителот на набавката). Оваа поддршка подразбира проверка на апликацијата, проверка на базата на податоци и системскиот софтвер, Backup на податоци и нивно преснимување на екстерен медиум во период не подолг од 15 дена, надградба на системски софтвер (оперативен систем, систем за управување со бази на

податоци, веб сервер,...), миграција на информациониот систем на друга виртуелна околина или облак.

Оваа поддршка подразбира отстранување на грешка /дефект во Апликацијата, Базата на податоци и системскиот софтвер.

4.2. **Модул – Одржување на Базата на податоци**

Администрацијата на Базата на податоци треба да обезбеди стандардно техничко одржување за нејзино безбедно и сигурно функционирање, а ќе ги опфати следните категории:

- Заштита на базата на податоци што вклучува дефинирање на процедура за периодични и backup-и (дневни, неделни и месечни),
- Понудувачот е должен да ги постави соодветно дефинираните процедури за backup-и на локалниот сервер
- Можност за целосен или делумен back-up на податоците на интервали дефинирани од корисникот.
- Интерпретација на алармни log-ови за базата на податоци.
- Документирање на проблемот кој се појавил во базата на податоци
- Дијагностицирање и отстранување на абнормалности во базата

4.3 **Модул – одржување на системски софтвер**

- Интерпретација на алармни log-ови на оперативниот систем
- Понудувачот е должен да ги конфигурира дефинираните Backup процедури на системскиот софтвер на локалниот сервер.
- Дијагностицирање и отстранување на абнормалности во работата на системскиот софтвер на серверот
- Подршка и совети за обезбедување на исправно работење

**Опсег на активности**

Понудувачот е должен во својата Понуда, да опфати поддршка за следните модули:

4.1. Модул – Одржување на Апликацијата за посвојување

- Одржување на Апликацијата за непречено работење
- Отстранување на грешки по доставено барање на Носителот на набавката
- Оптимизација на Апликацијата
- Понудувачот е должен да ги конфигурира дефинираните Backup процедури на локалниот сервер.
- Интерпретација на алармни log-ови од Апликацијата

**Член 11**

**Времиња на поддршка**

Понудувачот е должен да понуди:

1) Стандардно време на поддршка од 08:00 до 16:00 часот:
   а) Од Понеделник до Петок

Изведувачот ќе има право на пристап до системот на Корисникот во претходно договорените и дефинирани термини за редовно одржување и по претходно известување и одобрување од страна на Корисникот. Изведувачот ќе постапува согласно насоките на Корисникот за безбедност и ќе ги штити податоците на корисникот од било каков неовластен пристап на трети страни.

**Член 12**

Доколку во текот на одржувањето се утврди дека е потребно промена и набавка на резервен дел, економскиот оператор е должен писмено да го извести Договорниот орган за потребата од менување, ќе му достави цена на резервниот дел со пресметана маржа до 5% од набавната цена на делот а во прилог ќе достави оригинална фактура за набавениот дел или копија од фактура заверена со печат верно на оригиналот и потпис.

## РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 13**

Носителот на набавката е должен во рок предвиден подолу во табелата да ја изврши услугата сукцесивно по барање на одговорно лице за реализација на овој предмет на јавна набавка.

За секој пријавен проблем од страна на Договорниот орган, Носителот на набавката треба во определен рок да понуди решение за отстранување на проблемот и доколку е можно во истиот период да го отстрани.

Во следната табела е прикажано максималното време за одговор на повик или време од пријавување на потребата за услуга до интервенција преку далечински пристап (доколку е тоа возможно) или појавување на лицето- одржувач на софтверската апликација на лице место за да превземе активности за отстранување на грешките.

ПРИОРИТЕТ НА ГРЕШКИ И ВРЕМЕ НА ОДГОВОР

| **Приоритет** | **Дефиниција** | **Време на одговор** | **Време на решавање** |
|---|---|---|---|
| А | **Фатални грешки** | 1 час | 8 часа |
| Б | **Сериозни грешки** | 1 час | 6 часа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| В | **Минорни грешки** | 8 часа | Праќање извештај за статусот на проблемот |

**А) Фатални грешки** - Грешки кои го спречуваат функционирањето на повеќето процеси во системот.
**Б) Сериозни грешки** – Оневозможени функционалности кои се потребни за извршување на процесите со првични побарувања за перформанси.
**В) Минорни грешки** – Грешки кои попречуваат некои активности кои не се критични за процесите

**Напомена: Кај минорните грешки наплатата ќе се врши по одобрени ефективни работни часови**

ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 14**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на носителот на набавката, по извршената испорака а во рок од 60 дена од денот на доставувањето на фактура од страна на носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

Договорниот орган е должен на Носителот на набавката да му овозможи обезбедување на услови за непречено функционирање и користење на постојната компјутерска опрема и апликативните програми и тоа:

- непречено функционирање на персоналните компјутери и компјутерската мрежа на која се инсталирани апликативните програми;
- доследно да ја применува процедурата за заштита од вируси, испади на електрична енергија и неовластено користење,
- да се придржува кон упатствата за користење на апликативните програми дефинирани од Носителот на набавката, и
- доследно да се придржува на договорените процедури за промена на параметрите или слично на инсталираната компјутерска опрема и системскиот софтвер.

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Танче Георгиевски или друго лице овластено од Министер.

ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 15**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога носителот на набавката не ќе ја исполни обврската може да се даде дополнителен рок за нејзино исполнување доколку можностите го дозволуваат тоа, а чија должина ќе зависи од природата на работата или да се активира банкарска гаранција.

**Член 16**

Носителот на набавката се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 17**

Со договор може да се прошири одговорноста на договорната страна и врз случај за кој тој инаку не одговара.

Исполнувањето на ваквата договорена одредба не може да се бара ако тоа би било во спротивност со начелото на совесност и чесност.

**Член 18**

Поради неисполнување на обврските од страна на носителот на набавката договорниот орган има право на надомест на обична штета и испуштена корист,освен активирање на банкарска гаранција.

Договорниот орган ако се повика на повреда на договорот е должен да ги превземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда,инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 19**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусобно договарање.

**Член 20**

Доколку договорните страни не постигнат обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 21**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

**Член 22**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 23**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот,должна е тоа да и го соопшти писмено на другата договорна страна без одлагање.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 24**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 25**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки .

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 26**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 27**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**МИНИСТЕР**
Јованка Тренчевска

**Договорен орган**

**Управител**
Деница Велјановска

**Носител на набавката**

Изготвил:Маја Додевска Пешевска
Согласен: Славица Костовска
Контролирал: Љубица Панова